# Десетка за фестивалот „БОШ“ и старт на „литерАРТура 2018“

Алтернативниот мултимедијален фестивал БОШ по десетти пат ќе ја претвори Гевгелија во летувалиште на слободата, културата и уметноста. Овој фестивал неформално ќе биде отворен на 24 август, со работилницата за перформативен цртеж „Ако умрам ил' загинам“ – перформативно цртање на Горан Стојчетовиќ од колективот Арт Брут и членовите на колективот Мултимедија, кое ќе трае во...

SHARE FACEBOOK TWITTER

---

Алтернативниот мултимедијален фестивал БОШ по десетти пат ќе ја претвори Гевгелија во летувалиште на слободата, културата и уметноста. Овој фестивал неформално ќе биде отворен на 24 август, со работилницата за перформативен цртеж „Ако умрам ил' загинам“ – перформативно цртање на Горан Стојчетовиќ од колективот Арт Брут и членовите на колективот Мултимедија, кое ќе трае во текот на фестивалот и ќе заврши со изложба на 26 август, со почеток во 19 часот, во Народниот театар во Гевгелија.




Методот на „длабок цртеж“, кој Горан го дефинирал во 2015 година и го спровел со тим стручни лекари во клиниката за психијатрија при Воено-медицинската академија во Белград, како и со луѓе на отворени работилници во Галеријата Ремонт во Белград, постигнува многу плоден ликовно-психолошки израз обединувајќи ги уметноста и психологијата на Балканот.

Формалното отворање на фестивалот е со изложбата „Фотокопирница на љубовта“, групна изложба во која учествуваат Бернхарда Ксилко, Атанас Ботев, Кристијан Крстевски, Јана Јакимовска, Елизабета Линднер, Владимир Лукаш, Иван Ивановски, Тома Димовски, Горан Стојчетовиќ и Миле Ничевски. Арт Еквилибриум во улога на куратор ги покани уметниците да творат по сопствена инспирација на песната „Фотокопирница на љубовта“, во спомен на починатиот гевгелиски поет Бошко Бозаџиевски. На отворањето на фестивалот ќе бидат поставени и изложбите на Игор Тошевски („Реколекции“) и АКЦ Матријаршија („Сито и бесно“).

